**ОПШТИНА БУТЕЛ**

**Предлагач: Градоначалник на**
**Општина Бутел**
**Велимир Смилевски**

**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**Претставник: Раководител на Одделение**
**Лилјана Гаџовска**

# ПРОГРАМА

## (К)

## КУЛТУРА ЗА 2019 ГОДИНА

**Скопје,декември 2018 година**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 42 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Бутел - Пречистен текст ("Службен гласник на Општина Бутел" бр.03/14), а во врска со член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12 и 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Советот на Општина Бутел на 18-та седница одржана на 27.12.2018 година, донесе

# ПОТПРОГРАМА
# (К40)
# КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО

**Со оваа потпрограма се уредува:**

1. Цели на потпрограмата
2. Извори за финансирање на потпрограмата .
3. Пресметување на трошоците за потпрограмата
4. Динамика на извршување на потпрограмата
5. Преодни и завршни одредби.

## 1. ЦЕЛИ НА ПОТПРОГРАМАТА

Основни цели на програмата на општина Бутел од областа на културата.

1.1. Доближување на културата до сите граѓани

- Преку ова цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Бутел да учествуваат, како творци и како корисници, во културата и во културните случувања;

- Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите.
  Земајќи ја во обзир перспективата на културниот развој , особено фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите.

1.2. Воведување на најмладите (децата од основните училишта) во креативните процеси

- Децата како најголемо богатсво и иднина на секое општество се и негова најголема обврска. Едукацијата и образованието на децата се врвен приоритет.

## 2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА

Потпрограмата К40 - Културни манифестации и творештво во целост се финансира од Буџетот на Општина Бутел за 2019 година.
Надлежноста на општината за организирање на културни манифестации и творештво е утврдена во Законот за локаната самоуправа и Законот за културата, со цел поттикнување и помагање на културата што е јавен интерес за граѓаните во Општина Бутел. Имплементацијата на програмата К40 ќе овозможи афирмација на културата и грижа за културниот развој, преку организирање на збогатени културни содржини во текот на целата 2019 година, при што во сите културни настани активно ќе учествуваат децата од основните училишта и јавната детска градинка.

За одбележувањето на датуми кои се од значење за подобрување, односно осмислување на слободното време, збогатување на интелектуалниот, емоционалниот и културно забавниот живот на младото поколение и задоволување на културните права и потреби на граѓаните, како и активности од областа на училишниот спорт, Одделението за јавни дејности при Општина Бутел за 2019 година има испланирано повеќе активности со кои ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОТПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поедини видови елементи за целите на програмата се:

| Категорија | Ставка | Потставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **42** | | | **Стоки и услуги** | **2.220.000** |
| | **421** | | **Комунални услуги** | **40.000** |
| | | 421440 | Транспорт на луѓе | 40.000 |
| | **423** | | **Материјали и ситен инвентар** | **230.000** |
| | | 423410 | Прехранбени продукти и пијалоци | 200.000 |
| | | 423990 | Други материјали | 300.00 |
| | **425** | | **Договорни услуги** | **400.000** |
| | | 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 150.000 |
| | | 425990 | Други договорни услуги | 250.000 |
| | **426** | | **Други тековни расходи** | **250.000** |
| | | 426210 | Расходи за репрезентација | 200.000 |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 50.000 |
| | **463** | | **Трансфери до НВО** | **1.300.000** |
| | | 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 500.000 |
| | | 463120 | Трансфери до спортски клубови | 800.000 |

**4. Динамика на извршување на потпрограмата**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на општина Бутел за 2019 година.

## I. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

За наредната 2019 година, Одделението за јавни дејности планира да ги реализира следните културни активности.

**1.** „**Спомени за Борис Трајковски„** - Традиционално, веќе 12-та година по ред оваа манифестација ќе се одржи на денот на роденденот (25 јуни), на трагично починатиот претседадел Борис Трајковски. На денот на манифестацијата ќе бидат врачени благодарници и награди на учениците кои ќе земат учество на истатата.

Манифестацијата "Спомени за Борис Трајковски" се одржува со согласност од неговото семејство и Меѓународната фондација "Борис Трајковски".

**2. „Ден на екологијата„** - Во рамките на манифестацијата која ќе се одржи на 21 март- денот на пролетта, ќе се организира хепенинг преку кој ќе се испрати еколошка порака за здрава и чиста животна средина, како и засадување на садници во училишните дворови и детски градинки.
Учесници во културниот дел на манифестацијата :
учениците од основните училишта, драмски и литературни секции од основните училишта и мандолински оркестар, наставници по ликовно воспитување и мајчин јазик, претставници од Општина Бутел, претставници од други општини, советници и официјални гости.

**3. „Денот на шегата„** - популарно наречена АПРИЛИЈАДА на којаучество ќе земат ученицте од основните училишта на Општина Бутел и децата од Детската градинка „11 Октомври„ .
Учесници во културниот дел на манифестацијата :
драмски секции од основните училишта, мандолински оркестар, ученици кои ќе се претставаат со литературно читање, наставници по ликовно воспитување и мајчин јазик од Општина Бутел, претставници од Општина Бутел, претставници од други општини, советници по ликовно И официјални гости.
На манифестацијата ќе бидат доделени многу награди и избрани три најуспешни маски и три најхумористични текста .

**4. Ликовна колонија„Љубанци-2019„** Општина Бутел во соработка со Детскиот ликовен центар и основното училиште „Гоце Делчев„.с Љубанци, во летниот период во месец јуни ја реализира споменатата манифестацијата.

Во овој период еминентни уметници како што се: Данчо Ордев, Владимир Лазоски, Харалампие Манчев и други, сликаат на повеке локации во околината на с. Љубанци како на пример во Манастирскиот комплекс Св. Никола во с. Љубанци, детското одмаралиште „Страхил Андасаров„ , автентичната стара архитектура на селото, убавините на Скопска Црна Гора и сл.

Заради поголема исполнителност во сликањето уметниците се сместуваат во Интернатот на ОУ „Гоце Делчев„ , каде им се обезбедени сите услови за време на одржувањето на ликовната колонија.
За време на оддржувањето на колонијата (седум дена) еден ден е посветен на најталентираните ученици, всушност тој ден се оддржува и детската ликовна колонија. Тоа значи дека и највозрасните и најмладите уметници сликаат заедно.
Насликаните уметнички дела ќе бидат изложени пред јавноста на ликовна изложба, проследена со каталог.

**5. Ликовна изложба „Љубанци 2018„**
Во текот на месец март 2019 година ќе се одржи ликовната изложба на делата насликани од 2018 година на ликовната колонија „Љубанци 2018„. По тој повод ке биде отпечатен каталог, а уметничките слики ке бидат соодветно врамени. Изложбата ќе биде поставена во големата сала на Општина Бутел и ке трае една недела.

**6. „Есенски базар на домашни ракотворби-ЗАНАЕТЧИСКИ КОЛАЖ 2019„** кој се планира да трае четири дена и ќе започне на 11 ноември. Саемот на домашни ракотворби се организира во чест на ослободување на Град Скопје,13 Ноември. Саемот има меѓународен карактер и на истиот освен занаетчии од Македонија со свои дела ќе учествуваат и преставници од други странски држави.

**7. „Отворање нови можности„-** Работилница за обуки на стари занаети на луѓе до 45- годишна возраст. Работилницата ќе опфаќа 15 слушатели.

**8. „Етно соба„ -** Изложба на носии од Скопска Блатија и Скопска Црна Гора.

**9. „Чествување за Никола Јонков Вапцаров„** - Манифестацијата се одржува на 7 декември по повод раѓањето на познатиот поет и револуционер Никола Јонков Вапцаров. Со свое поетско читање учество земаат учениците од основните училишта од Општина Бутел, а како гости на манифестацијата се планираат видни личности како и членовите на КУД „Никола Јонков Вапцаров„ од Општина Кисела Вода„ .

**10. ,,Спортска општинска олимпијада„** - Традиционална манифестација со цел да се афирмира училишниот спорт на територија на Општина Бутел. Настанот ќе се одржи во месец мај 2019 година и се состои од два одвоени повеќедневни натпревари помеќу основните училишта, и тоа:

-одвоени натпревари помеѓу женските екипи во кошарака и
-натпревар во мал фудбал - машки.

**11. „Ден на лубеницата„-**Манифестација која ќе се одржи на 1 јули во село Љуботен. Се планира учество да земат повеќе од 50 производители на лубеници од селото и блиската околина. На оваа манифестација ќе се избира најтешката и најслатката лубеница и диња.

**12. „Детска олимпијада„ -**Заради развивање на спортскиот дух на децата од најрана возраст, во месец октомври, под мотото: да победи највеселиот, се планира да се одржи манифестацијата „Детска олимпијада„ . На манифестацијата учество ќе земат повеќе од 500 учесници и тоа децата од

големите групи од детските градинки како и учениците од прво одделение од основните училишта на Општина Бутел.
Со овие спортски активности кој ќе се состојат во повеќе дисциплини, како што се: вештини на прерипување, скокање, вртење обрач и тимско натпреварување во влечење јаже, децата ја покажуваат својата вештина на натпреварување и совладување на моторичките вештини. Сите учесници се планира да добијат благодарници за учество, а за најдобрите планирано е да добијат дипломи, златни медаљи како и пригодни подароци.

13. **„Културно лето на Општина Бутел„**- Од оваа година Општина Бутел за прв пат ќе им овозможи на своите жители во летните месеци јули и август, да присуствуваат и да уживаат во разновидна културно-уметничка програма, а манифестацијата да стане традиционална, со тенденција да се збогатуваат настаните кои ќе бидат привлечни за сите жители на Општината.
Во овие летни месеци, сите бутелчани од сите возрасти и сите населби на Општината, во пријатн атмосфера ќе имаат можност да доживеат една поинаква културна манифестација и токму во нивното место на живеење, да уживаат во разновидни музички перформанси, културно уметнички изведби, ликовни презентации, комедии и други содржини.
Централна локација на која ќе се одвива оваа манифестација ќе биде платото во ТЦ„Живко Брајковски„

## II. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ

### 1. Предновогодишни и Новогодишни активности

Како секоја година, по повод Новогодишните празници планирани се активности како што се: украсување на општината, како и посета на основните училишта, детските градинки и јавните установи кои се наоѓаат на територија на Општина Бутел, одржување на Новогодишна претстава во просториите на Општина Бутел за најмалите ученици од основните училишта и децата од деските градинки, кога ќе се поделат пригодни подароци и новогодишни пакетчиња.
Од оваа година, исто така по повод Новогодишните празници, сите жители на Општина Бутел, два дена ќе можат да се дружат и забавуваат пред платото во ТЦ„Живко Брајковски„ каде што ќе се организира богата Новогодишна културно уметничка програма, на која покрај музичките точки кои ќе ги подготват учениците од ОУ, се планира да настапат познати естрадни уметници, фолклорни групи и актери-комичари.

## III. ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

1. Поддршка на Советот на млади на Општина Бутел, во решавање на најприотетните проблем на младите, кои се однесуваат на неформалното образование, култура и спорт, младинско учество заедно со младинско информирање и квалитет на живеење.

2. Поддршка на Љубанскиот карневал кој традиционално се одржува на територија на Општина Бутел секоја година во с.Љубанци, на верскиот празник Прочка.

3. Поддршка на Интернационалната и локалната тортијада „Слатка Мистерија„ во организација на ХОА Ангелчиња, која претставува традиционална, хуманитарна манифестација со натпреварувачки карактер.

4. Поддршка на Спортски турнири кои се одржуваат на територија на Општина Бутел.

5. Поддршка на организирање на новогодишен добротворен базаар.

## ИВ. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата К40 - Културни манифестации и творештво ја спроведува Градоначалникот на Општина Бутел, преку Одделениеото за јавни дејности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Бутел" и е составен дел од Буџетот на Општина Бутел за 2019 година, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

**Број 08-2866/7**
**27.12.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
**Мирче Тодоровски**